ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА



# ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЧ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

СТРУМИЦА 2020

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

Одделение за историја и историско културно наследство
Едиција – научни собири
Книга 4

INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS
OF CULTURE AND MUSEUM - STRUMICA

# HRISTOFOR ŽEFAROVIĆ AND HIS EPOCH

Papers from the Second Academic Conference in Honour
of the Patrons and Protectors of the City
of Strumica – the Holy Fifteen Tiberiopolian
Hieromartyrs, held in Strumica
on December 5 & 6, 2019

Strumica
2020

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЧ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ

Материјали од вториот научен собир во чест
на покровителите и заштитниците на градот
Струмица – св. Петнаесет тивериополски
свештеномаченици, одржан во Струмица на
5 и 6 декември 2019 година

Струмица
2020

Членови на Уредничкиот одбор:

Сашо Цветковски
Васил Ѓоргиев-Ликин
Митко Б. Панов
Бранко Ѓоргиев, секретар на Уредничкиот одбор

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

7/8:929Жефарович, Х.(062)
930.85(497.7)(062)

ХРИСТОФОР Жефарович и неговото време : материјали од вториот научен собир во чест на покровителите и заштитниците на градот Струмица св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици, одржан во Струмица на 5 и 6 декември 2019 година / [уреднички одбор Сашо Цветковски ... и др.]. - Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј = Strumica = NI Institute for protection of cultural monuments and Museum, 2020. - 223 стр. : илустр. ; 25 см

На наспор. стр.: Hristofor Žefarović and his epoch : papers from the second academic conference in honour of the patrons and protectors of the city of Strumica - the holy Fifteen tiberiopolian hieromartyrs, held in Strumica on December 5 & 6, 2019. - Фусноти кон текстот. - Summary. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4845-07-2

а) Жефарович, Христофор, 169?-1753 -- Собири б) Македонија -- Културна историја -- Собири

COBISS.MK-ID 52365317

Корица: Митко Тошев, *Христофор Жефарович*, Спомен биста, Дојран 2012 г.

# Содржина


8 Introductory notes – Воведни напомени
Васил Ѓорѓиев-Ликин

11 За еден препис на Повеста за паѓањето на Цариград под Турците од времето на Христофор Жефарович
Ѓорѓи Поп-Атанасов

19 Христофор Жефаровиќ и балканската панорама
Вера Стојчевска Антиќ

31 Христофор Жефаровиќ: минатото во функција на националните идеологии
Ванчо Ѓорѓиев и Војислав Саракински

47 Средновековните претстави во Стематографијата на Христофор Жефаровиќ: политичко-идеолошки мотиви и контексти
Митко Б. Панов

57 Христофор Жефарович и плановите на големите сили за поделба на Балканот во XVIII век
Стефан Влахов-Мицов

65 Христофор Жефарович како хуманист и просветител (обид за историски портрет)
Васил Ѓорѓиев-Ликин

77 Молбени грамоти до рускиот цар Михаил Теодорович за да можат полјанинските епископи Теон (1629) и Калиник (1634) да патуваат во Русија по милостина
Александар Трајановски

89 Графички (хартиени) икони како иконографски обрасци во иконописот на Дичо Зограф
Сашо Цветковски

101 Хералдиката на Жефаровиќ
Јован Јоновски

117 Прилог кон идентификување на свети Давид цар и свети Теоктист од бакрорезите на Христофор Жефарович
Виктор Недески

131 Инверзијата на македонскиот земски грб во стематографиите на Жефаровиќ и Витезовиќ
Иван Нацевски

151 Сублимиран преглед на репрезентативните графички листови од фондот на НУ Завод и музеј - Прилеп
Мимоза Христоска

169 Македонското хералдичко лавче на Жефарович, поместено на знамето на Разловечкото востание (1876) и Илинденското востаничко знаме од Загоричани (1903)
Александар Трајановски

181 Хералдиката во Музеј на Македонија
Мирјана Нинчовска и Драган Георгиев

195 Австриски монети од крајот на XVII и XVIII век во збирката на НУ Завод и музеј – Струмица
Бранко Ѓорѓиев

207 Дојран – Полин во средновековниот и во османлискиот период
Душко Цветанов

219 Елементарни симболи за означување на локалниот културен идентитет на град Дојран
Јасмина Пијанманова

## Introductory notes

This collection of works contains papers presented at the academic conference on **Christofor Zhefarovich and his epoch**, held on 5 and 6 December 2019 and organized by the National Institution Institute and Museum - Strumica. Distinguished researchers from various academic, educational and museum institutions from Macedonia participated at this conference. It should be also noted that the event, dedicated to one of the earliest Macedonian revivalists, was part of the Programme of the Ministry of Culture for 2019.

Christofor Zhefarovich is a remarkable figure in the cultural and spiritual tradition of Macedonia and the Macedonian people. He was active on a wider space between Austrian Empire and Russia, down to Thessaloniki, Mount Athos, Ohrid and other places in Macedonia. This distinguished man from Dojran was an icon painter, copper cutter, author of textbooks, printing press establisher, monk, tradesman, the first Macedonian heraldist, and one of the earliest Macedonian revivalists. In the middle of XVIII century he was the most appreciated artist in the area stretching among Thessaloniki, Budim and Vienna. Zhefarovich was artistically educated in the great spiritual and cultural centres of Macedonia, such as Thessaloniki, Ohrid and Mount Athos. His work is of general Balkan and wider, European significance. He was an honorary member of the Imperial Academy in Vienna and of the Royal Academy in Munich.

It should be particularly noted that Christofor Zhefarovich, for more than two and a half centuries, has provoked interest and inspiration for academic debates that deal with topics important both for Macedonia and the other Balkan countries. In this respect, we should note that the Collection of works is just a small contribution to the enriching of the academic debates connected to Christofor Zhefarovich and his work.

As usual, we also note that the views and thoughts presented in the papers published in this Collection are considered by the editorial board as personal views of their authors.

Vasil Gjorgiev-Likin

## Воведни напомени

Зборникот на трудови содржи реферати прочитани на научниот собир: **Христофор Жефарович и неговото време**, кој се одржа на 5 и 6 декември 2019 година во организација на Националната Установа Завод и музеј – Струмица. На споменатиот научен собир зедоа учество истакнати истражувачи од повеќе научни, образовни и музејски институции од Македонија. Треба да се подвлече дека оваа научна манифестација посветена на еден од најраните македонски преродбеници е дел од Програмата на Министерството за култура за 2019 година.

Христофор Жефарович претставува забележителна фигура во културната и во духовната традиција на Македонија и на македонскиот народ. Тој дејствувал на еден широк простор меѓу Австриското Царство и Русија па сѐ до Солун, Света Гора, Охрид и на други места во Македонија. Овој истакнат дојранчанец бил зограф, иконописец, бакрорезец, учебникар, печатар, монах, трговец, прв македонски хералдичар и еден од најраните македонски преродбеници. Во средината на XVIII век бил најбараниот уметник на просторот меѓу Солун, Будим и Виена. Жефарович, уметнички се формирал во големите духовни и културни центри на Македонија какви што се Солун, Охрид и Света Гора Атонска и сл. Жефарович има и општо балканско и, пошироко европско значење. Тој бил почесен член на Империјалната академија во Виена како и на Кралската академија во Минхен итн.

Посебно треба да се истакне дека Христофор Жефарович, повеќе од две и пол столетија, предизвикува интерес и инспирација за научни дебати кои опфаќаат прашања од важност како за Македонија така и за другите балкански земји. Во таа смисла, напоменуваме дека Зборникот на трудови претставува скромен прилог кон збогатувањето на научните дискусии поврзани со Христофор Жефарович и неговото дело.

Вообичаено, споменуваме дека дел од изнесените погледи и мислења во објавените прилози на Зборникот, редакцискиот одбор ги смета како лични ставови на авторите.

Васил Ѓоргиев-Ликин

УДК: 762.11 Жефаровиќ, Х.

# Прилог кон идентификување на свети Давид цар и свети Теоктист од бакрорезите на Христофор Жефарович

Виктор Недески
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје

„Стематографијата“ на еден од првите македонски преродбеници Христофор Жефарович, претставува еден од најзначајните споменици на јужнословенската култура од XVIII век. Оваа мала, но богата и луксузна бакрорезна книга во која се дадени грбовите и ликовите на владетелите и светителите, напишана на црковнославенски јазик со руска редакција, не била само образец за граверите и иконописците туку имала и сè уште има огромно влијание за осознавање на народите на Балканот. Таа носи многукратни пораки кои и до денес се исчитуваат и толкуваат, а некои од нив во различни национално-политички прилики и тенденции биле различно толкувани.

Главната цел на ова издание на Карловачката митрополија била утврдување на нејзините несигурни позиции и обезбедување права врз основа на царските привилегии. Всушност, на тој начин таа сакала да го осигура својот понатамошен опстанок на територијата на Хабсбуршката монархија, а без при тоа да се изгуби било што на верски или етнонационален план. Така, како идеолошки творец и покровител на ова издание се јавува Арсениј IV Шакабенда, чии тенденции биле и на оваа територија да биде потврден како патријарх и неговата патријаршиска јурисдикција да се прошири над Србија, Македонија, Далмација, Босна, Хрватска и секаде каде што живеат јужнословенски народи со православна вера[1]. Токму тоа го оправдува и присуството на несрпски јужнословенски светители во „Стематографијата“, но и различните подоцнежни интерпретации на одредени ликови.

[1] Д. Давидов, Српска стематографија, Нови Сад, 2011, 22.

Помеѓу портретите на јужнословенските светители во „Стематографијата“ на Христифор Жефарович се среќаваат и портретите на свети Давид цар и на свети Теоктист (сл. 1). Овие портрети се поставени на втората страница од првиот лист. Пред овие два портрета, на првата страница се наоѓаат портретите на Стефан Немања и Стефан Првовенчани. Светителите се претставени речиси идентично со класична монашка облека, со кукол со крст на главата и со нимб околу главата. Свети Давид во десната, а свети Теоктист во левата рака држат владетелски жезол и крст, а во другата рака држат свитоци со текстови на црковнословенски јазик кои содржат две новозаветни Христови поуки. На свитокот на свети Давид пишува: „Секое царство разделено на две половини, едно против друго, запустува“[2], додека на свитокот на свети Теоктист: „Никој не може да им слугува на двајца господари“.[3]

За идентификување на споменатите два портрета од особена корист е еден друг бакрорез на Жефарович од истата 1741 г., кој е направен само неколку месеци пред издавањето на „Стематографијата“ (сл. 2). Овој бакрорез на кој е претставен свети Сава со српските светители од домот на Немањиќите е замислен како еден вид пропаганден политички меморандум, а бил упатен како честитка за царицата Марија Терезија по повод нејзиното искачување на престолот.[4] На бакрорезот се претставени седумнаесет свети фигури од кои две се женски. Во долниот дел под светителите стои натписот „Домот на Немања“ опкружен со шест грбови на јужнословенски земји. Во вториот ред на светители, одлево надесно се претставени свети Теоктист и свети Давид цар, со јасно испишани сигнатури (сл. 3). Сите претставени ликови, без исклучок, наоѓаат своја аналогија во светителите од домот на Немања, па таква аналогија треба да се побара и за ликовите на свети Давид и свети Теоктист.

Имено, во династијата на Немања во ликот на свети Давид јасно се идентификува српскиот жупан Димитриј Немањиќ[5], син на Вукан, внук на Стефан Немања. За него има малку информации и тој се спомнува ретко. Димитриј не се споменува со браќата Ѓорѓе и Владин во повелбата за венецијанскиот долг кон Петар Зјаниј, од 1208 г., од каде индирек-

---

[2] Лк. 11, 17.

[3] Мт. 6, 24.

[4] Давидов, op. cit., 23-24.

[5] За Димитриј Немањиќ види библиографија: И. Божић, О положају Зете у држави Немањића, Историски гласник, 3/1-2, Београд,1950, 97–122; Ђ. Бубало, Титуле Вукана Немањића и традиција Дукљанског краљевства, Ђурђеви ступови и Будимљанска епархија: Зборник радова, Беране, 2011, 79–93; Ј. Ковачевић, Традиција о Дукљанском краљевству код Немањића, Историски часопис, 5, Београд, 1955, 291–294; С. Ћирковић, Зета у држави Немањића, Историја Црне Горе, 2/1, Титоград, 1970, 3–93.

тно може да се заклучи дека тој во тоа време бил малолетен, односно дека е роден по 1194 г. Димитриј бил човек со голема репутација не само во Дукља туку и во целата држава на Немањиќите. На почетокот на осмата деценија на 13 век, Димитриј ја носел титулата жупан. Во средновековната српска држава, таа била давана на роднините на владејачката династија на Немањиќите. Во следната деценија, Димитриј ја остава титулата жупан и се замонашува со името Давид. Сепак, тој не оди во еден од многуте српски манастири, но одлучува да изгради свој. Како монах Давид, тој е почитуван како светител на Српската православна црква и ктитор на манастирот Давидовица, во југозападна Србија. Неговиот спомен се празнува на 24.09. по јулијански календар или на 07.10. по грегоријански календар.

Во ликот, пак, на монахот Теоктист се препознава кралот Стефан Драгутин Немањиќ[6], син на Стефан Урош I, а внук на Стефан Првовенчани. Најмногу информации за животот на Драгутин Немањиќ дава неговиот биограф архиепископот Данило, во своето дело „Житија на српските кралеви и архиепископи" (или Зборникот на Данило)[7], што претставува збирка биографии на српските владетели и црковни поглавари, од 13 и 14 век.

Драгутин управувал со Србија од 1276 до 1282 г. Тој ја продолжил политиката на Урош стапувајќи во сојуз со Карло Анжујски против Византија[8]. Современите извори, како причина за абдикацијата на Драгутин, го сметаат неговиот пад од коњ под Јелеч. Сепак, тоа било само повод за промена на престолот. Веројатно, главната причина за тоа била нетрпеливоста на српското благородништво да освојува нови територии и да добие воен плен. Во атмосфера на незадоволство, Драгутин му ги предал на Милутин симболите на кралско достоинство на соборот во Дежева: златото, кралските облеки, својот коњ и оружјето. Данило, наклонет кон Милутин, пишува дека тој добил доживотна власт. Пахимер го забележува истото. Анонимен католик запишал две верзии.[9] Според првата верзија, Драгутин му го предал на својот брат царството без никакви ограничувања. Според другата, тој му го предал престолот сè додека не се из-

[6] За кралот Драгутин види библиографија: С. Станојевић, Краљ Драгутин, Годишњица Николе Чупића, 45 Београд, 1936, 2–19; Д. Лазаревић, Територија краља Драгутина, Гласник Међуопштински историјски архив Ваљева, Ваљево, 1990, 5-26; А. Логос, Историја Срба I, Београд, 2017, 183-186, 283-284.

[7] Ђ. Даничић, Животи краљева и архиепископа српских написао архиепископ Данило и други, Загреб, 1866.

[8] С. Станојевић, Краљ Драгутин, Годишњица НЧ, 45, Бепград, 1936, 4.

[9] T. Živković, Anonymi Descriptio Europae Orientalis: Anonimov opis istočne Evrope, Belgrade, 2013,124-125.

лечи, а во случај да умрел, Милутин требало да го задржи. И двете верзии се неточни.

Одредбите од Дежевскиот договор биле следниве: Драгутин да се повлече од престолот поради болест, предавајќи му го на својот брат. Милутин требало да остане доживотно на престолот, а потоа да го наследи еден од синовите на Драгутин, веројатно Владислав. Можна била и клаузулата на Драгутиновите синови да им биде оставена посебна област за управување[10]. Се чини дека Драгутин задржал за себе големи територии од Рудник до Требиње. Таму се повлекол со семејството и дел од благородништвото во 1282 г.[11] Иако во повеќе наврати постоеле несогласувања и можности за судир на браќата, Драгутин останал верен на власта на неговиот брат Милутин до крајот на животот. Данило запишал дека пред неговата смрт Драгутин се замонашил, оставајќи ја власта на својот син. Тој го зел монашкото име Теоктист. Пред неговата смрт, тој напишал писмо до својот брат, чија содржина веројатно била непозната за Данило.[12] Погребан е во манастирот „Ѓурѓеви ступови" во Рас кај Ариље. Данило забележува дека Драгутин не сакал да биде почитуван како светител и сакал да ја спречи оваа појава. Тој наредил неговото тело во никој случај да не биде извадено од гробот. Српската православна црква го прославува неговиот спомен на 30.10. по јулијански календар или на 12.11. по грегоријански календар.

Овие идентификации во целост ги исполнуваат сите критериуми, односно го оправдуваат сврстувањето на овие преподобни владетели во домот на Немања. Исто така, ваквото толкување би го направило целосно логично претставувањето на Давид и Теоктист во „Стематографијата" веднаш по Стефан Немања и Стефан Првовенчани, како нивни телесни потомци и последователи во монашкиот живот.

Меѓутоа, она што доведува до сериозна забуна е сигнирањето на свети Давид во „Стематографијата" како „свети Давид цар Бугарски". Историски личноста на Димитиј Немањиќ може да се поврзе со Бугарија единствено преку неговото барање од април 1271 г. упатено до византискиот император Михаил VIII Палеолог да го потврди имотот на манастирот Хиландар по течението на реката Струма[13], додека просторот на неговата управа треба да се бара во југозападна Србија и Црна Гора (Дукља). Можноста ваквото барање на Димитриј до Михаил VIII, да го на-

---

[10] В. Ћоровић, Историја Срба, Дом и школа, Београд, 2006, 166.

[11] Д. Лазаревић, Територија краља Драгутина, Гласник Међуопштински историјски архив Ваљева, Ваљево, 1990, 10-12.

[12] Даничић, op. cit., 29-30.

[13] Д. Јечменица, Немањићи другог реда, Београд, 2018, 66.

вело Арсениј IV да побара од Жефарович да ја надополни сигнатурата на свети Давид цар од „Домот на Немања“ и да го поврзе со Бугарија, останува само претпоставка. Како друга можност за поврзување на Димитриј, односно Давид со Бугарија е врската на Дукља со Самоиловата држава, односно сродството на Дукљанскиот владетел Јован Владимир со цар Самоил преку бракот со неговата ќерка Косара[14]. Овде е значајно да се наведе дека во грчката хагиогравска традиција свети Јован Владимир ќе биде претставен како светител кој потекнува од Бугарија, а истовремено и како син на Немања,[15] што иако историски е неиздржано, сепак, ќе најде одраз во иконографијата на XVIII и XIX век. Значајно е да се нагласи дека Пајсиј Хиландарец во својата „Историја Славјаноблгарска“ на поинаков начин го поврзува свети Јован Владимир со Самоиловото семејство, тврдејќи дека тој е син на Самоиловиот брат Арон, при тоа карактеризирајќи ги изворите кои даваат поинакви податоци како тенденциозни и фалсификувани[16].

Од друга страна, пак, во периодот кој следел, наведеното сигнирање на споменатиот Давид како „цар Бугарски“ ќе доведе до поинаква интерпретација, не само на ликот на свети Давид цар туку и на ликот на свети Теоктист, пред сè, во бугарската литературна и уметничка традиција на XVIII и XIX век. Така, само две децении по печатењето на „Стематографијата“, Пајсиј Хиландарски во својата „Историја Славјаноблгарска“, очигледно мотивиран од портретите во „Стематографијата“ на Жефарович, ќе даде една сосема нова интерпретација на овие два лика и ќе ги поврзе со две сосема различни историски личности. Пајсиј го поврзал ликот на „свети Давид цар бугарски“ со Самоиловиот брат Давид[17], пишувајќи: „Во времето на Василиј Порфирогенит, повторно Бугарите се одделиле од Грците и за цар го поставиле Давид, синот на Комитопулот. Но Давид царувал кратко време, го оставил престолот и примил монашки чин и така Богољубиво и свето го завршил својот живот и по упокојување-

[14] В. Недески, Хагиографските и химнографските традиции за свети Јован Владимир, Свети Јован Владимир – хагиографија – химнографија – иконографија, Скопје, 2016, 22-28.

[15] Недески, op. cit., 48.

[16] Й. Иванов, Исторїя славѣноболгарская, собрана и нареждена Паисїемъ Іеромонахомъ въ лѣто 1762, София, 1914, 33-34.

[17] Грозданов и Бошкоски ја поддржуваат теоријата дека првичната идеја на авторот и нарачателот на Стематографијата било да се изобрази токму Давид, братот на Самоил, без при тоа да го земат предвид фактот дека во семејството на Немања постои светител и монах Давид – Димитриј Немањиќ. (Ц. Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX до XVIII век, Скопје, 1983, 228-237; М. Бошкоски, Комитопулот Давид, цар Давид, св. Давид цар (историско-уметнички преглед), Патримониум, 10, Скопје, 2012, 126–141).

то неговите мошти се покажале нетлени“.[18] Речиси идентични информации за Давид дава и „Зографската историја“.[19]

Меѓутоа, овие информации се далеку од податоците што ги даваат историските извори.[20] Имено, изворите сведочат дека Давид починал уште во 976 г., односно дека бил убиен од Власи на патот помеѓу Преспа и Костур во областа наречена Убави дабови (на грчки: καλή δρυς). Во спомен на неговиот најстар брат Давид, и неговите родители Никола и Рипсимија, во 993 г. Самуил поставил камен натпис во црквата Свети Герман од X век, во близина на селото Герман крај Преспанското Езеро.[21] Така, изворите не спомнуваат замонашување на Давид, а не оставаат ниту простор за такво нешто.

Во ликот, пак, на свети Теоктист, Пајсиј препознал друг бугарски владетел, а тоа е кралот Тривелиј или Тервел. Меѓу другото, за овој бугарски владетел, Пајсиј запишал: „Овој крал Тривелиј прв го примил христијанството во 703 г. По примањето на светата вера имал големо благочестие и усрдност кон Христа. Поради тоа изградил манастир за себе и доброволно го оставил кралството [...] и потоа се облекол во монашки чин. [...] Монашкото име му било Теоктист“[22]. „Зографската историја“ ќе се обиде дури и да го лоцира и манастирот на свети Теоктист блиску до Охрид[23], а јеросхимонахот Спиридон Габровски во својата „Историја“ од 1792 г., истакнува дека во Охрид „во неговиот манастир до денес лежат неговите мошти“[24]. Впечатливо е тоа што „Зографската историја“ и „Историја Славјаноблгарска“ кои настануваат речиси истовремено, се првите текстови што го споменуваат кралот Тривелиј, воопшто, во балканската книжевност, што не е случај со западната книжевност, каде тој е силно присутен уште од XVI век[25]. Во западната книжевност која очигледно била извор и

[18] Й. Иванов, Исторїя славѣноболгарская, собрана и нареждена Паисїемъ Іеромонахомъ въ л? ѣто 1762, София, 1914, 31.

[19] Й. Иванов, Български старини из Македония, София, 1908, 161; Оваа историја е составена од непознат автор во Зографскиот манастир, веројатно на почетокот на 60-тите години на XVIII век, а е сочувана во препис на монах Јаков од 1785 г.

[20] Cf. I. Scylitzae, Sinopsis historiarum, rec. I. Thurn, Berolini et Novi Eboraci, MCMLXXIII, 255, 73-256, 81; I. Zonnarae, Epit. historiarum l. XVIII, t. III, Bonnae MDCCCXCVII, 495, 7-13.

[21] Натписот види го во: Й. Иванов, Български старини из Македония, София, 1908, 25.

[22] Й. Иванов, Исторїя славѣноболгарская, собрана и нареждена Паисїемъ Іеромонахомъ въ лѣто 1762, София, 1914, 18–19.

[23] Й. Иванов, Български старини из Македония, София, 1908, 161.

[24] Спиридон Иеросхимонах, История во кратце о болгарском народе славенском. Сочинися и исписа в лето 1792 йеросхимонах Спиридон, предговор и превод Васил Златарски, София, 1900, 32-33.

[25] M. A. Sabellici, Enneades sive Rhapsodia historiarum (1486-1504), Paris. 1513-1517, Ennea. VIII, lib. VI, fol CLXXXI; Р. Заимова, Българската тема в западноевропейската книжнина (XV-XVII в.), София, 1992, 30 et seq.

за споменатите атонски монаси, постои и епизодата за неговото замонашување, но ниту во еден извор пред „Историјата на Пајсиј“ не се споменува неговото монашко име, што очигледно е оригинална конструкција на Пајсиј со цел да се поврзе Тривелиј со ликот на Теоктист од „Стематографијата“. Дополнително, важно е да се нагласи и тоа дека на Пајсиј му бил познат податокот дека српскиот крал Драгутин примил монаштво со името Теоктист[26], па затоа уште повеќе зачудува тоа што го поврзал ликот на монахот Теоктист од „Стематографијата“ со бугарскиот владетел Тривелиј.

Историски Тривелиј или Тервел[27] бил хан кој управувал со Бугарија од околу 700 до 721 г. Се претпоставува дека бил син на ханот Аспарух. Неговото управување се карактеризира со активна надворешна политика, а поточно со Византија. Во 705 г., императорот Јустинијан II Ринотмет, повлекувајќи се пред арапската наезда, преку Херсон пребегал кај него. Тервел се согласил да му помогне да се врати на престолот и со 15 000 војска дошол пред ѕидовите на Константинопол. Јустинијан успеал да си ја врати круната, а на Тервел му ја дал покраината „Загора“ и многу скапи дарови и титулата „кесар“ (цезар), совладетел. Но, во 708 г. Јустинијан решил да си ја врати земјата и се кренал на поход. Двете војски се судриле крај Анхиало, при што Бугарите победиле. Во 716 г. склучил нов мировен договор со Византија, според кој таа ѝ го признала правото на Бугарија врз Загора, а се задолжувала да ѝ плати скапо црвено крзно. Врз основа на овие податоци може да се заклучи дека Тривелиј бил навистина маркантна историска личност, која не случајно подоцна го привлекла интересот на западните автори.

Интерпретациите од страна на Пајсиј на овие два споменати лика од „Стематографијата“ на Жефарович, по аналогија и без критичка анализа ќе бидат преземени во подоцнежната бугарска литература и ќе создадат два фиктивни и дотогаш непостоечки светителски култа, што ќе се рефлектира и во живописот на XVIII и XIX век (сл. 4 и 5). Така, не само свети Давид, туку и свети Теоктист, со ретки исклучоци ќе биде сигниран како Бугарски и ќе биде директно поврзуван со кралот Тервел или Тривелиј. Овде е важно да се нагласи дека тенденцијата на „побугарчување“ на

---

[26] Й. Иванов, Исторїя славѣноболгарская, собрана и нареждена Паисїемъ Іеромонахомъ въ лѣто 1762, София, 1914, 45.

[27] За Тервел/Тривелиј види библиографија: Р. Заимова, Образът на Тервел в българската възрожденска книжнина и изобразително изкуство, Минало, 3–4, София, 1997, 36–39; Й. Юрукова, Оловен печат на Тервел, Нумизматика, XII/2, 1998, 3–8; В. Тъпкова-Заимова, Р. Заимова, Тервел–Тривелиус–Теоктист, Palaeobulgarica/Старобългаристика, 4, София, 2003, 92–98; Г. Атанасов, Тервел – кан на България и кесар на Византия, Силистра, 2004.

светителски култови бележи повеќевековна историја и ова не е единствениот случај на фалсфикување на историско-агиолошки факти за остварување на национални и политички цели[28].

Единствено неодговорено останува прашањето: Кој бил првичниот мотив за свети Давид во „Стематографијата" да биде сигниран како „цар бугарски"? Иако не може да се даде директен и прецизен одговор на ова прашање, она што е факт е дека тенденцијата на „Стематографијата", како што веќе споменавме, е да се наметне јурисдикцијата на Арсениј IV како црковен поглавар на сите православни Словени на Балканот. Оваа тенденција се гледа преку претставувањето на повеќе јужнословенски светители во „Стематографијата", кои немаат директна врска со домот на Немања што, пак, не е случај со постариот бакрорез од истата 1741 г. Така, можеби сигнирањето на Давид како „цар бугарски" е со тенденција да се создаде идеја за владеење на членови од династијата на Немањиќите и на територијата на средновековна Бугарија или нагласување на фиктивната врска на семејствата на Немања и Самоил, која како што видовме постои во хагиографската литература. Тоа, секако, може да ја оправда и титулата цар, со која е сигниран Давид, која се користела од бугарските владетели по добивањето на царска круна, а се користела и од страна на Самоил, но никогаш од страна на српската династија на Немања, сè до времето на Стефан Душан.

Клучна во разбирањето на пораката на свети Давид „цар бугарски" и свети Теоктист е и содржината на нивните свитоци. Имено, и двата свитока ја носат пораката на единството на државата под власта на еден господар и катастрофата која доаѓа од поделбата. Притоа, ако се имаат предвид историските податоци од времето на Димитриј и Драгутин Немањиќ се доаѓа до заклучокот дека во повеќе наврати, иако двајцата имале можност да направат поделба во српската држава, сепак, кај нив победувала идејата за државно единство. Воедно, сметаме дека преку сигнатурата „Бугарски", Арсениј IV сакал да ја пренесе пораката за единство на јужнословенските народи во една држава, која како владетелски идеал ќе ја има династијата на Стефан Немања. Оваа негова идеја, очигледно во бугарската книжевност и уметност нашла една сосема поинаква рефлексија.

---

[28] За оваа тема види: И. Гергова, „Побългаряване" на светци, Светци и свети места на Балканите. Старобългарска литература, 48, София, 2013, 247-257.

# ПРИЛОЗИ




Сл.1. Портретите на свети Давид и свети Теоктист
од Стематографијата на Христофор Жефарович, 1741 г.



Сл.2. Домот на Немања од Христофор Жефарович, 1741 г.




Сл.3. Портретите на Свети Давид цар и свети Теоктист од Домот на Немања од Христофор Жефарович, 1741 г.




4. Свети Давид цар од параклисот на Светите Архангели
во Рилскиот манастир, 1845 г.




5. Свети Теоктист од параклисот на Светите Сава и Симеон Српски во Рилскиот манастир, 1835 г.

Viktor Nedeski
Ortodox theological faculty “St Clement of Ohrid” - Skopje

# CONTRIBUTION TO THE IDENTIFICATION OF SAINT DAVID THE EMPEROR AND SAINT THEOCTIST FROM THE CHALCOGRAPHY WORKS OF HRISTOFOR ZHEFAROVICH

– summary –

The "Stemmatographia" of one of the first Macedonian revivalists, Hristofor Zhefarovich, is one of the most significant monuments of South Slav culture in the 18th century. This small but rich and luxurious chalcography book featuring the coats of arms and figures of the rulers and saints, written in Church Slavic language with Russian redaction, was not only a template for engravers and iconographers, but had and still has a profound impact on the understanding of the creation of nations in the Balkans. It carries multiple messages that have been interpreted to this day, and some of them have been interpreted differently in different national-political contexts and tendencies.

Among the portraits of the South Slavic saints in the Stematography of Hristofor Zhefarovich are the portraits of St. David the King and St. Theoctist. Of particular interest in identifying the two mentioned portraits is another Zefarovich's chalcography from the same 1741 which was made just months before the publication of his "Stemmatographia".

In the image of St. David clearly is identified, the Serbian nobleman Dimitrij Nemanjic, son of Vukan, nephew of Stefan Nemanjic. As a monk David, he is revered as a saint of the Serbian Orthodox Church and founder of the Davidovica monastery in southwestern Serbia. Paisius of Hilendar baselessly linked the image of "Saint David the King of Bulgaria" with David - brother of Samuel.

The character of the monk Theoctist, on the other hand, is identified as King Stefan Dragutin Nemanjic, son of Stefan Uros I, and nephew of Stefan the First-Crowned. At the end of his life, Dragutin became a monk with the monastic name Theoctist. In the character of Theoctist, Paisius again baselessly recognized the Bulgarian ruler, King Trivelius or Tervel.